YU ISSN 0350-6452

ДРУШТВО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА НА МАКЕДОНИЈА

6

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

ДРУШТВО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА НА МАКЕДОНИЈА

6

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

ЛИКОВНА УМЕТНОСТ
Год. IV бр. 6 1979

СПИСАНИЕ НА ДРУШТВОТО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА
ОД СРМ, СКОПЈЕ

Редакциски одбор:

Проф. Димче Коцо
Д-р. Константин Петров
Д-р. Коста Балабанов
Д-р Блага Алексова
Д-р Петар Миљковиќ—Пепек
Д-р Борис Петковски
Антоние Николовски
Љубица Дамјановска
Загорка Расолкоска—Николовска

Одговорен уредник
Антоние Николовски

Техн. уредник
Д-р Коста Балабанов

Јазична редакција
Евтим Манев

Коректор
Спиро Ристиќ

Зборникот се печати со средства на Републичката заедница за култура
и Друштвото на историчарите на уметноста од СРМ

Адреса: Музеи на Македонија

Печати Граф. завод „Гоце Делчев“, Скопје, Тираж 1 000 примероци

СОДРЖИНА

стр.

1. *Проф. д-р Константин Петров,* Кон отворање на прашањето за соодносот меѓу светителските култови и уметничкото влијание кај спомениците во регионот на Јужен Балкан — — — — — — — — — — — — — — 3

2. *Соња Абаџиева Димитрова,* Македонското современо сликарство во шестата деценија — — — — — — — — — — — — — — — — 13

3. *Велимир Величковски,* Новооткриени документи за вајарот Ефтим Андонов од Куманово — — — — — — — — — — — — — — — 33

4. *Велимир Величковски,* II Две платна од Апостол Христов-Фрчкоски 37

5. *Љ. Дамјановска,* „Нерешки мајстори" — — — — — — — — — — 41

6. *Ирина Субовиќ,* Борис Петковски „Откривања" — — — — — — — — 43

7. *Алексоска Захаринка,* Хронологија на настани од областа на Македонските современи ликовни и применети уметности (Јануари 1978 — септември 1979) — — — — — — — — — — — — — — — — — 47

*Љ. ДАМЈАНОВСКА*

## „НЕРЕШКИ МАЈСТОРИ"

Највисоката награда на Друштвото на ликовните уметници на Македонија „Нерешки мајстори" е воведена во 1967 г. со интенција да го стимулира македонското ликовно творештво и истовремено да валоризира осведочени вредности во текот на една година. Наградата се доделува секоја година на традиционалната есенска изложба на Друштвото. Во една тековна година таа може да биде доделена и за повеќе ликовни дисциплини, доколку има високи творечки достигања. Наградата еден уметник може да ја добие само еднаш. Поради немање средства, таа не беше доделена во годините: 1970, 1971 и 1972.

Досегашни добитници на наградата „Нерешки мајстори":

1967 — Петар Мазев и Миле Корубин за сликарство
1968 — Никола Мартиноски и Симон Шемов за сликарство
— Боро Митриќески за скулптура
1969 — Димче Коцо зо таписедијата „Пиета"
— Васко Василев за скулптурата „Каријатида"
1970 — не е доделена
1971 — не е доделена
1972 — не е доделена
1973 — Никола Фидановски за сликата „Замка"
1974 — Васко Ташковски за сликата „Траги од времето"
— Насо Бекаровски за скулптурата „Крила на слободата"
1975 — Ванчо Ѓорѓиевски за сликата „Очи"
— Борче Николовски за скулптурата „Завеани"
1976 — Пеце Видимче за сликата „Композиција I"
— Стефан Маневски за скулптурата „Скулптура"
1977 — Глигор Чемерски за сликата „Човек и светлина"
— Олга Милиќ за скулптурата „Стварно и нестварно I"
1978 — Вангел Наумовски за сликата „Жива волшебност"
— Петар Хаџи Бошков за ситна пластика
1979 — Рубенс Корубин за сликата „Есен".

Годинашниов добитник на наградата „Нерешки мајстори“ е младиот сликар Рубенс Корубин (роден во 1949, Прилеп). Академија за ликовни уметности завршил во Белград во 1974, а постдипломски студии во 1976 г. Бил на двегодишна специјализација во Париз.

Во своето досегашно сликарство Рубенс Корубин се определува за фигуративниот начин на изразување во кој се чувствува духот на неоромантизмот, со современа ликовна интерпретација, придушен суптилен колорит и ликовна култура.

